# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| ”Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” | 13. Декември . 2007 год. |
| Излегува по потреба | Скопје |
| | Бр. 10 Год. III |

www.opstinagpetrov.gov.mk opstinagpetrov@yahoo.com

Скопје, Декември 2006 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

Се објавува Одлуката за измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетишесттата Седница на Советот, одржана на ден 22.11.2007 година.

**Број 08-2982/1**
**од 13.12.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на Р.М. * бр. 5/2002 ), член 16 став 1 точка 2 и член 28 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (* Сл. гласник на Општина Ѓорче Петров* бр. 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Шеесет и шестата Седница одржана на 22.11.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За Измени и дополнување на Буџетот**
**на Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

**1. Општ дел**

**Ч л е н 1**

Во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година (*Сл. гласник на Општина Ѓорче Петров* бр. 12/2006 ) се вршат следните измени и дополнувања:

- **ПРИХОДИ**

**На колона дотација**

| | Стои | Треба да стои |
|---|---|---|
| 741120 - Блок дотација | 27.198.299 | 27.812.427 |

- **РАСХОДИ**

**Програм АО- Совет на Општина** во колона буџет, на конто

| | Стои | Треба да стои |
|---|---|---|
| 401390 - Други надоместоци | 5.765.600 | 5.815.600 |
| 426210- Расходи за репрезентација | 170.000 | 270.000 |

**Програм ДО - Градоначалник** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 426210 - Расходи за репрезентација | 840.000 | 1.000.000 |

**Програм Е0- Општинска администрација** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 401320 - Надоместок за храна | 1.656.200 | 1.706.200 |
| 401520 - Персон.данок на дох.од надомест. | 100.000 | 200.000 |
| 421320 - Телефон и телефакс | 1.000.000 | 1.100.000 |
| 423120 - Списанија и весници | 1.100.000 | 1.300.000 |
| 425920 - Услуги за копир.печат.и издавање | 450.000 | 600.000 |
| 425990 - Други договорни услуги | 2.300.000 | 2.800.000 |

**Програм ЕА- Капитални трошоци на општината** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 485420 - Надомест за одземен имот | 1.700.000 | 790.000 |

**Програм Ј4- Јавна чистота** во колона буџет, на конто

| | | |
|---|---|---|
| 425990 - Други договорни услуги | 2.700.000 | 2.200.000 |

**Програма Н1 - Основно образование во колона наменски дотации на конто:**

| | Стои | Треба да стои |
|---|---|---|
| 401130 - Основ.плати - други вработени | 10.657.124 | 10.857.124 |
| 401310 - Надом.за превоз до и од работа | 336.969 | 346.969 |
| 401320 - Надоместок за храна | 1.812.180 | 1.832.180 |
| 401510 - Персон.данок од плата | 1.154.522 | 1.164.522 |
| 402110 - Основ.придон.за ПИО | 3.765.517 | 3.785.517 |
| 402210 - Основен прид.за здрав | 1.634.093 | 1.654.093 |
| 402220 - Осн.придон.за проф.забол. | 88.809 | 98.809 |
| 402310 - Основен прид.за Аген.за враб. | 284.190 | 294.190 |
| 403110 - Придонес за водоснабдување | 35.524 | 40.524 |
| 423110 - Канцелариски материјал | 100.000 | 150.000 |
| 423710 - Средс.за одрж.на хигиена | 30.000 | 60.000 |
| 423910 - Други материјали за спец.намени | - | 50.000 |
| 423990 - Други материјали | 20.000 | 49.128 |
| 424210 - Одржување на згради | - | 100.000 |
| 424420 - Поправ.и одрж.на софтв. и хардвер.опрема | - | 50.000 |

**Член 2**

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година влегуваат во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на Општина Ѓорче Петров*, а ќе се применуваат од 01 Јануари до 31 Декември 2007 година.

**Број 07- 2675/5**
**22.11.2007 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А В А Ч,**
**Харалампие Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

Се објавува Одлуката измени и дополнување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетиседмата Седница на Советот, одржана на ден 11.12.2007 година.

**Број 08-2983/1**
**од 13.12.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на Р.М.* бр. 5/2002 ), член 16 став 1 точка 2 и член 28 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (*Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров* бр. 5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на Шеесет и седмата Седница одржана на 11.12.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За Измени и дополнување на Буџетот**
**на Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

**1. Општ дел**

**Ч л е н 1**

Во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година (*Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров* бр. 12/2006 ) се вршат следните измени и дополнувања:

- **РАСХОДИ**

<u>**Програм Е0- Општинска администрација**</u> во колона буџет, на конто

| | **Стои** | **Треба да стои** |
|---|---|---|
| 401120 - Основни плати-државни службеници | 7.982.200 | 7.300.200 |
| 401520 - Персонален данок | 200.000 | 282.000 |
| 464990 - Други трансфери | 42.000 | 642.000 |

**Ч л е н 2**

Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година влегуваат во сила со денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*, а ќе се применуваат од 01 Јануари до 31 Декември 2007 година.

**Број 07-2896/3**
**11.12.2007 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А В А Ч,**
**Харалампие Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за доделување на парична награда на вработените во Општина Ѓорче Петров за 2007 година**

Се објавува Одлуката доделување на парична награда на вработените во Општина Ѓорче Петров за 2007 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетиседмата Седница на Советот, одржана на ден 11.12.2007 година.

**Број 08-2983/2**
**од 13.12.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 34 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр. 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 67-мата Седница одржана на 11.12.2007 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**за доделување на парична награда за 2007 година**

1. Заради зголемен обем на работа и покажан посебен интерес и ангажирање во извршувањето на работите и задачите во текот на 2007 година, на вработените во Општина Ѓорче Петров им се доделува награда во паричен износ од по 10.000,00 денари.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров со Одделението за финансирање и Буџет да ја реализира оваа Одлука.

3. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2896/4**
**од 11.12.2007 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**П Р Е Т С Е Д А В А Ч,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за основање на Центар за развој на скопскиот плански регион**

Се објавува Одлуката за основање на Центар за развој на скопскиот плански регион, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетиседмата Седница на Советот, одржана на ден 11.12.2007 година.

**Број 08-2983/3**
**од 13.12.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24, 25 и 26 од Законот за рамномерен регионален развој(Службен Весник на РМ, број 63/07), а во согласност со член 14 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. број 5/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 67-мата Седница одржана на ден 11.12.2007 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за основање на Центар за развој на скопскиот плански регион**

**Општи одредби**

**член 1**

Заради вршење на стручни работи од значење на скопскиот плански регион, се основа Центар за развој на скопскиот плански регион.

**член 2**

Центарот за развој на скопскиот плански регион има својство на правно лице и се регистрира пред надлежни државни институции, врз основа на Законот за рамномерен регионален развој.

**член 3**

Седиште на Центарот за развој на скопскиот плански регион е во Општина Гази Баба -Скопје на ул.* Александар Македонски* б.б.

**Делокруг на работа на Центарот**

**член 4**

Центарот за развој на скопскиот плански регион, ги врши следниве работи:

- Ја изготвува предлог-програмата за развој на планскиот регион;
- Изготвува предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион;
- Подготвува предлог-проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;
- Ги доставува предлог-проектите за регионален развој, врз основа на утврдена листа на предлог-проекти од страна на Советот за развој на скопскиот плански регион, најдоцна до 15 декември во тековната година до Бирото за регионален развој;

- Ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на планскиот регион;
- Склучува договори со Бирото за регионален развој за реализација на проекти за развој на планскиот регион;
- Ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- Обезбедува информации до заинтерисираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локална самоуправа при подготвување на нивните програми за развој;
- Обезбедува стручни услуги за здруженијата на граѓани и други заинтересирани страин за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансиран од фондовите на Европската Унија и други меѓународни извори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за своето работење и истиот го доставува до Советот за развој на скопскиот плански регион и Советите на единиците на локална самоуправа, во состав на планскиот регион;

**Организациска поставеност**

**член 5**

Центарот за развој на скопскиот плански регион ( во понатамошниот текст: Центарот) има раководител, кој се избира по пат на јавен конкурс.

Раководителот на Центарот го избира Советот за развој на скопскиот плански регион, со 2/3 мнозинство.

Мандатот на раководителот на Центарот е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

**член 6**

За раководител на Центарот, може да биде избрано лице, кое ги исполнува следниве услови:

- ги исполнува општите услови за вработување, според Законот за работни односи;
- има минимум 5 ( пет) години работно искуство во областа на локалната самоуправа или државната администрација;
- има завршено степен високо образование , од општествените науки ( право, економија, политички сsстем, регионален развој и слично)
- има познавања за рамномерниот регионален развој и системот на локална самоуправа;

**член 7**

Раководителот на Центарот ги има следниве надлежности:

- Го претставува и застапува Центарот;
- Го извршува годишниот буџет на Центарот;
- Го предлага годишниот буџет и годишната сметка на буџетот на Центарот;
- Одлучува за вработувањата, правата, должностите и одговорностите на вработените во администрацијата на Центарот;
- Донесува правилник за систематизација на работни места во администрацијата на Центарот, по претходно позитивно мислење од Советот за развој на скопскиот плански регион.
- Раководи со администрацијата на Центарот;
- Ги предлага на Советот за развој на скопскиот плански регион, програми, проекти, извештаи и останати документи кои се изготвуваат од страна на Центарот, а треба да се усвојат од страна на Советот за развој на скопскиот плански регион.
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на Центарот;
- Врши и други работи утврдени со Закон.

**член 8**

Центарот има администрација која се организира во сектори или одделенија.

Одлука за организацијата на администрацијата на Центарот ја донесува Советот за развој на скопскиот плански регион, на предлог на раководителот на Центарот.

Правата и обврските на вработените во администрацијата на Центарот се уредуваат во согласност со Законот за работни односи и тие немаат својство на државни службеници.

**Финансирање на Центарот**

**член 9**

Центарот има годишен Буџет, кој се предлага од страна на раководителот на Центарот, а се усвојува од страна на Советот за развој на скопскиот плански регион.

Предлог Буџетот на Центарот, мора најдоцна да се достави до Советот за развој на скопскиот плански регион, најдоцна до 1 (први) декември, во тековната година, а истиот се усвојува од страна на Советот до крајот на декември во тековната година.

Во случај на недонесување на Одлука за усвојување на Буџетот на Центарот, се донесува Одлука за времено финансирање на Центарот.

Временото финансирање на Центарот, не може да биде подолго од три месеци.

Во случај да во рок од три месеци не се усвои Буџет за финансирање на Центарот за тековната година, се применува Буџетот од претходната година.

**член 10**

Единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на скопскиот плански регион, се согласни, да го финансираат тековното работење на Центарот, со што секоја година ќе предвидуваат ставка во своите буџети за финансирање на Центарот.

**член 11**

Висината на финансиските средства кои ќе ги издвојува секоја единица на локалната самоуправа, која е во состав на скопскиот плански регион, се определува на **3 (три) денари по глава на жител.**

Висината на финансиските средства кои единиците на локалната самоуправи ги трансферираат за тековното работење на Центарот, може да се промени со Одлука на Советите на единиците на локалната самоуправа, кои се во состав на скопскиот плански регион.

Трансферот на средствата ќе се врши квартално, за секој квартал однапред.

**член 12**

Раководителот на Центарот доставува годишен финансиски извештај за работа на Центарот до Советот за развој на скопскиот плански регион и до Советите на единиците на локалната самоуправа кои се во состав на планскиот регион.

**член 13**

На предлог на членовите на Советот или на предлог на раководителот на Центарот, може да се покрене иницијатива за промена на висината на финансиските средства за тековното работење на Центарот.

## Преодни и завршни одредби

**член 14**

Центарот за развој на скопскиот плански регион, ќе се основа во моментот кога сите Совети на единиците на локална самоуправа од скопскиот плански регион ќе ја усвојат оваа Одлука за основање на Центарот.

**член 15**

Најдоцна во рок од три месеци од усвојувањето на оваа Одлука, од страна на сите Совети на единици на локалната самоуправа, треба да се изврши избор на раководител на Центарот од страна на Советот.

**член 16**

Заради имплементација на член 62 од Законот за регионален развој на Република Македонија, Градоначалниците на единиците на локалните самоуправи од скопскиот плански регион и министерот за локална самоуправа, во најкраток можен рок ќе потпишат Договор за кофинансирање за тековното работење на Центарот за развој на скопски плански регион.

**член 17**

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-2896/5** **Советот на Општина Ѓорче Петров**
**11.12.2007 година** **ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**С к о п ј е** **Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за верификација на Одлуката за формирање Совет за развој на скопскиот плански регион**

Се објавува Одлуката за верификација на Одлуката за формирање Совет за развој на скопскиот плански регион, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетиседмата Седница на Советот, одржана на ден 11.12.2007 година.

**Број 08-2983/4**
**од 13.12.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 19 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен Весник на Р.М. бр.63/07) во врска со член 14 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. бр.5/02) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 67-мата Седница одржана на ден 11.12.2007 година, донесе :

## О Д Л У К А
## за потврдување на Одлуката за формирање на Совет за развој на Скопскиот плански регион

### Член 1

Се потврдува Одлуката за формирање на Совет за развој на Скопскиот плански регион број 08-3387/1 од 08.08.2007 година, донесена на седницата на Советот за развој на Скопскиот плански регион, одржана на ден 24.07.2007 година.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*, заедно со потврдената одлука цитирана во член 1 од оваа Одлука.

**Број 07-2896/6**
**од 11.12.2007 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 21, став 1 од Законот за рамномерен регионален развој ( Службен Весник на Република Македонија ) Советот за развој на Скопскиот плански регион, на седницата одржана на ден 24.07.2007 година, во Скопје, ја донесе следната

## ОДЛУКА
### ЗА ФОРМИРАЊЕ СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА СКПОСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

**Член 1**

Се формира Совет за развој на скопскиот плански регион ( во понатамошен текст: Советот).

**Член 2**

Членови на Советот се:

- Коце Трајановски, Градоначалник на Општина Гази Баба
- Трифун Костовски, Градоначалник на Град Скопје
- Кирил Тодоровски, Градоначалник на Општина Аеродром
- Петре Латиновски, Градоначалник на Општина Бутел
- Сокол Митровски, Градоначалник на Општина Ѓорче Петров
- Андреј Петров, Градоначалник на Општина Карпош
- Џорџе Арсов, Градоначалник на Општина Кисела Вода
- Беким Фазлиу, Градоначалник на Општина Сарај
- Виолета Аларова, Градоначалник на Општина Центар
- Изет Меџити, Градоначалник на Општина Чаир
- Исени Ердуан, Градоначалник на Општина Шуто Оризари
- Музафер Беслими, Градоначалник на Општина Арачиново
- Борче Гиевски, Градоначалник на Општина Зелениково
- Жика Стојановски, Градоначалник на Општина Илинден
- Звонко Цветковски, Градоначалник на Општина Петровец
- Љупчо-Кец Мицковски, Градоначалник на Општина Сопиште
- Алаудин Зекири, Градоначалник на Општина Студеничани
- Воислав Киранџиќ, Градоначалник на Општина Чучер Сандев

**Член 3**

Советот ќе ги врши работите од член 20 од Законот за рамномерен регионален развој ( Службен весник на РМ бр.63/2007).

**Член 4**

Начинот на работа на Советот ќе се уреди со деловник.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањe,а ќе се објави во Службен гласник на општините: Град Скопје, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари, Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани, Чучер Сандево.

**Број 08-3387/1**
**08.08.2007 година**
**Скопје**

**СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**
**Претседател,**
**Коце Трајановски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за верификација на Одлуката за избор на Претседател на Советот за развој на скопскиот плански регион**

Се објавува Одлуката за верификација на Одлуката за избор на Претседател на Советот за развој на скопскиот плански регион, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Шеесетиседмата Седница на Советот, одржана на ден 11.12.2007 година.

**Број 08-2983/5**
**од 13.12.2007 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 19 став 5 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен Весник на Р.М. бр.63/07) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 67-мата Седница одржана на ден 11.12.2007 година, донесе :

**О Д Л У К А**
**за потврдување на Одлуката за избор на Претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион**

**Член 1**

Се потврдува Одлуката за избор на Претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион број 08-3387/2 од 08.08.2007 година, донесена на седницата на Советот за развој на Скопскиот плански регион, одржана на ден 24.07.2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*, заедно со потврдената одлука цитирана во член 1 од оваа Одлука.

**Број 07-2896/7**
**од 11.12.2007 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 21, став 1 од Законот за рамномерен регионален развој ( Службен весник на Република Македонија, број 63, од 22 мај 2007 година) Советот за развој на Скопскиот плански регион, на седницата одржана на ден 24.07.2007 година, во Скопје, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

**Член 1**

За претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион се избира: Коце Трајановски, Градоначалник на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Мандатот на претседателот е 2 (две) години со право на повторен избор.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општините: Град Скопје, аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир, Шуто Оризари, Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопиште, Студеничани, Чучер Сандево.

**Број 08-3387/2**
**08.08.2007година**
**Скопје**

**СОВЕТ ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**
**Претседател**
**Коце Трајановски с.р.**

# Содржина

## Општина Ѓорче Петров

1. **Одлука за измени и дополнувањe на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година..................................стр. 2**

2. **Одлука за измени и дополнувањe на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2007 година..................................стр. 5**

3. **Одлука за доделување на парична награда за 2007 година.....стр.7**

4. **Одлука за основање на Центар за развој на Скопскиот плански регион..........................................................стр.9**

5. **Одлука за потврдување на Одлуката за формирање Совет за развој на Скопскиот плански регион..........................стр.15**

6. **Одлуката за формирање Совет за развој на Скопскиот плански регион..........................стр.16**

7. **Одлука за потврдување на Одлуката за избор на Претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион......................................................................стр.18**

8. **Одлуката за избор на Претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион........................................стр.19**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи
и работа со Советот
ул.Ѓорче Петров бб.тел.02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309
Тираж:50 примероци